**РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА**

**ЕЛС ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

Ул.Плоштад Маршал Тито бб - Кавадарци
Тел/Факс.043/416-130
www.kavadarci.gov.mk; opshtina@kavadarci.gov.mk


# ИЗМЕНА НА ГОДИШЕН ПЛАН

на единицата за внатрешна ревизија во

## ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

**за 2021 година**

Кавадарци, септември 2021 година

**Содржина**

I. ВОВЕД

II. ВРСКА ПОМЕЃУ СТРАТЕШКОТО И ГОДИШНОТО ПЛАНИРАЊЕ

2.1. Усогласеност на планираните ревизии со Стратешкиот план

2.2. Активности во врска со остварувањето на целите на внатрешната ревизија

III. АКТИВНОСТИ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА (во 2021 година)

3.1. Ревизии кои се пренесени од претходната година

3.2. Поединечни ревизии *(за 2021 година)*

3.3. Други активности на внатрешната ревизија

IV. КАДРОВСКИ КАПАЦИТЕТИ

4.1. Утврдување на можен број ревизорски денови во годината

4.2. Пресметка на потребното време за активностите во Годишниот план

V. ЗАКЛУЧОК

# I. ВОВЕД

Годишниот план за 2021 година е изготвен врз основа на Стратешкиот план за периодот од 2021 до 2023 година на внатрешната ревизија донесен од страна на Градоначалникот на општина Кавадарци.

Во него се содржани активностите на внатрешната ревизија во врска со остварувањето на целите на ЕВР од Стратешкиот план за периодот од 2021 до 2023 година, со што се одредени целите, опфатот и ресурсите, како и методологијата и времетраењето на ревизијата, кои се потребни за извршување на секоја поединечна ревизија за 2021 година.

Во случај на потреба, а поврзано со значителните промени кои може да се појават во работењето во текот на годината и кои влијаат на активностите на внатрешната ревизија, Годишниот план ќе се ажурира.

Секоја промена на Годишниот план ја одобрува Градоначалникот на општина Кавадарци.

# II. ВРСКА НА СТРАТЕШКОТО И ГОДИШНОТО ПЛАНИРАЊЕ

## 2.1. Усогласеност на планираните ревизии со Стратешкиот план

Поединечните ревизии планирани за 2021 година се усогласени со усвоениот Стратешки план за ревизија за периодот од 2021 до 2023 година. Односот помеѓу задачите кои се планирани во стратешкиот и годишниот план е прикажан во следната табела:

***Табела 1: Врска на планираните ревизии во Стратешкиот и Годишниот план***

| **Приоритетни области на ревизија во првата година на Стратешкиот план** | **Планирани ревизии во тековната година** |
|---|---|
| Исплата на средствата на здруженија на граѓани и спортски клубови од општина Кавадарци. | Процес на исплата на средствата на здруженија на граѓани и спортски клубови од општина Кавадарци. |
| Изготвување на финансиски извештаи во Музеј – Галерија во општина Кавадарци | Процес на изготвување на финансиски извештаи во Музеј – Галерија во општина Кавадарци |
| Исплата на средства од сметката на СОЗШУ „Ѓорче Петров“ Кавадарци | Процес на исплата на средства од сметката на СОЗШУ „Ѓорче Петров“ Кавадарци |
| Пресметка и исплата на плата на вработените во ООУ„Тошо Велков – Пепето“ Кавадарци | Процес на пресметка и исплата на плата на вработените во ООУ„Тошо Велков – Пепето“ Кавадарци |

## 2.2. Активности поврзани со остварувањето на целите на внатрешната ревизија

Внатрешна ревизија ќе ги спроведе следните активности и поединечни ревизии со цел реализација на поставените цели, односно насоката на работа на внатрешната ревизија:

*Табела 2: Активности поврзани со остварувањето на целите на ЕВР*

| Бр. | Цел на внатрешната ревизија | Активности на внатрешната ревизија за остварување на целите | Планирање на поединечните ревизии |
|---|---|---|---|
| 1 | Основна цел на внатрешната ревизија во делот на исплатата на средства на здруженија на граѓани и спортски клубови е да се добие уверување дека исплатените средства од Буџетот на општината се користат во согласност со утврдените намени. | Ревизијата ќе ги превземе сите ревизорски техники и алатки со цел остварување на целите поставени за областа/процес на ревизија а пред се:<br>– Планирање на ревизијата;<br>– Опишување на процесот предмет на ревизија;<br>– Утврдување на клучните контроли;<br>– Спроведување на потребните тестови;<br>– Проценка на ризиците ;<br>– Извршување на ревизијата; | Ревизијата на процесот на исплата на средства на здруженија на граѓани и спортски клубови, се планира да се изврши во периодот од јануари до април 2021 година. |
| 2 | Основна цел на внатрешната ревизија во делот на процесот изготвување на финансиските извештаи во Музеј – Галерија во општина Кавадарци е да се добие уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и истите ја даваат реалната слика за состојбата на институцијата и дека работењето е согласно законската регулатива. | Ревизијата ќе ги превземе сите ревизорски техники и алатки со цел остварување на целите поставени за областа/процес на ревизија а пред се:<br>– Планирање на ревизијата;<br>– Опишување на процесот предмет на ревизија;<br>– Утврдување на клучните контроли;<br>– Спроведување на потребните тестови;<br>– Проценка на ризиците ;<br>– Извршување на ревизијата; | Ревизијата на процесот на изготвување на финансиски извештаи во Музеј – Галерија во општина Кавадарци се планира да се изврши во периодот од мај до август 2021 година. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3** | Основната цел на внатрешната ревизија во делот на процесот на пресметка и исплата на плати на вработение во ООУ „Тошо Велков - Пепето“ Кавадарци е да биде во согласност со законската регулатива. | Ревизијата ќе ги превземе сите ревизорски техники и алатки со цел остварување на целите поставени за областа/процес на ревизија а пред се:<br>– Планирање на ревизијата;<br>– Опишување на процесот предмет на ревизија;<br>– Утврдување на клучните контроли;<br>– Спроведување на потребните тестови;<br>– Проценка на ризиците ;<br>Извршување на ревизијата; | Ревизијата на процесот на пресметка и исплата на плата на вработените во ООУ „Тошо Велков - Пепето“ Кавадарци се планира да се изврши во период од септември до декември 2021 година. |

Годишниот план за внатрешна ревизија за 2021 година е со отстапување од Стратешкиот план за внатрешна ревизија за периодот 2021-2023 година, поради новонастанатата состојба со пандемијата COVID-19 и поради користење на мерките, со кои вработените кои се бремени се ослободени од физичко присуство на работно место, но и затоа што има ново вработување во Одделението за внатрешна ревизија, се јави потреба од промена во Годишниот план.

## III. АКТИВНОСТИ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА ВО 2021 ГОДИНА

### 3.1. Ревизии пренесени од претходната година

### 3.2. Поединечни ревизии во 2021 година

Единицата за внатрешна ревизија во текот на 2021 година ќе ги спроведе следните ревизии:

| | |
|---|---|
| Име на ревизијата: | Процес на исплата на средства на здруженија на граѓани и спортски клубови од општина Кавадарци |
| Ниво на ризик *(висок, среден, низок)* : | висок |
| Цел на ревизијата: | Основна цел на внатрешната ревизија во делот на процесот на исплата на средства на здруженија на граѓани и спортски клубови од општина Кавадарци е да се добие уверување дека исплатените средства од Буџетот на општината се користат во согласност со утврдените намени |
| Опфат на ревизијата: | Предмет на ревизија ќе биде биде известувачкиот |

| | |
|---|---|
| | период за 2020 година |
| Организациони единици вклучени во ревизијата | Комисија за спорт - Здруженија на граѓани и спортски клубови, Сектор за финансиски прашања |
| Надлежна институција | Општина Кавадарци |
| Ревизорски методи: | Преглед и анализа на документација, интервјуа, оценка на интерните контроли во процесот на исплата на средства на здруженија на граѓани и спортски клубови итн. |

| | |
|---|---|
| Име на ревизијата: | Процес на изготвување на финансиски извештаи во Музеј – Галерија во општина Кавадарци |
| Ниво на ризик *(висок, среден, низок)* : | Висок |
| Цел на ревизијата: | Основна цел на внатрешната ревизија во делот на процесот на изготвување на финансиски извештаи во Музеј – Галерија е да се добие уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и истите ја даваат реалната слика за состојбата на институцијата и дека работењето е согласно законската регулатива; |
| Опфат на ревизијата: | Предмет на ревизија ќе биде известувачкиот период за 2020 година |
| Организациони единици вклучени во ревизијата | Музеј – Галерија Кавадарци |
| Надлежна институција | Општина Кавадарци |
| Ревизорски методи: | Преглед и анализа на документација, интервјуа, оценка на интерните контроли во процесот на изготвување на финансиските извештаи во музејот итн. |

| | |
|---|---|
| Име на ревизијата: | Процес на пресметка и исплата на плати на вработените во ООУ „Тошо Велков - Пепето“ Кавадарци |
| Ниво на ризик *(висок, среден, низок)* : | Среден |
| Цел на ревизијата: | Основната цел на внатрешната ревизија кај процесот на пресметка и исплата на плати на вработените во ООУ „Тошо Велков - Пепето“ Кавадарци е да биде во согласност со законската регулатива. |
| Опфат на ревизијата: | Предмет на ревизија ќе биде известувачкиот период за 2020 година |
| Организациони единици вклучени во ревизијата | ООУ „Тошо Велков - Пепето“ |

| | |
|---|---|
| Надлежна институција | Општина Кавадарци |
| Ревизорски методи: | Преглед и анализа на документација, интервјуа, оценка на интерните контроли во процесот на пресметка и исплата на плата на вработените во училиштето. |

Планираните ревизии ќе бидат спроведени според следниот распоред:

***Табела 3: Годишен план за ревизија – приказ по месеци***

| Име на ревизија | 01 | 02 | 03 | 04 | 05 | 06 | 07 | 08 | 09 | 10 | 11 | 12 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Процес на исплата на средства на здруженија на граѓани и спортски клубови од општина Кавадарци. | | | | | | | | | | | | |
| Процес на изготвување на финансиски извештаи во Музеј – Галерија во општина Кавадарци | | | | | | | | | | | | |
| Процес на пресметка и исплата на плата на вработените во ООУ „Тошо Велков – Пепето“ Кавадарци | | | | | | | | | | | | |

### 3.3. Други активности на внатрешната ревизија

Освен горенаведените активности, внатрешниот ревизор врши и други активности:

1. Континуирано следење на промените во законската регулатива;
2. Континуирана обука на внатрешниот ревизор од сите области кои можат да бидат предмет на ревизија;
3. Ажурирање на Стратешкиот и изготвување на Годишен план за следната година;
4. Изготвување на ревизорски извештаи од спроведените ревизии;

5. Следење на спроведувањето на препораките и на ефектите од нивната реализација;
6. Спроведување на вонредни (ад хок) ревизии на барање на раководството кои не се планирани во годишниот план за 2021 година;
7. Изготвување на годишен извештај за извршените ревизии и активностите на внатрешната ревизија;
8. Соработка со сите институции во надлежност на општината, учество на колегиумите на раководството во советодавна улога;
9. Соработка со ДЗР и Централната единица за хармонизација на системот на ЈВФК при Министерството за финансии;
10. Организација на квартални/полугодишни состаноци и сл.

## IV. КАДРОВСКИ КАПАЦИТЕТИ

### 4.1. Утврдување на можен број на ревизорски денови во годината

Можен број на ревизорски денови во тековната година се пресметува за секој ревизор во ЕВР.

***Табела 4: Пресметка на бројот на ревизорски денови во 2020 година***

| | |
|---|---|
| Вкупен број на денови во годината | 365 |
| Вкупен број на неработни денови (празници) | 15 |
| Вкупнен број на неработни викенд денови | 104 |
| Вкупен број на работни денови во годината | 246 |
| Вкупен број на неработни денови од годишен одмор | 24 |
| Нарачани ревизии и непредвидени настани 15% | 37 |
| Изработка на планови, стручно мислење, совети, состаноци 10% | 25 |
| Вкупно ревизорски денови во годината | 160 |

### 4.2. Пресметката на потребното време за активностите во Годишниот план

Задачите на ревизијата и потребните денови се доделуваат на активностите во Годишниот план како што следува:

***Табела 5: Пресметка на потребното време за ревизорските активности во 2021 година***

| | |
|---|---|
| Вкупен број на денови потребни за реализација на планираните ревизии по еден внатрешен ревизор | 160 |
| Просечен број на денови за извршување на поединечна ревизија | 53 |
| Број на планирани ревизии за 2021 година | 3 |

Со споредување на потребите за ресурси со вистинскиот број на внатрешни ревизори во ЕВР произлегува дека ЕВР има доволно ресурси за исполнување на целите од овој Годишен план.

**V. ЗАКЛУЧОК**

Сите планирани активности во рамки на овој Годишен план на единицата за внатрешна ревизија во општина Кавадарци за 2021 година ќе овозможат насочување на Одделението за внатрешна ревизија кон остварување на определените цели. Целите на Одделението за внатрешна ревизија се утврдени врз основа на реална проценка на ризиците согласно Ревизорскиот универзум и водат кон воспоставување и зајакнување на ефикасен и ефективен систем на внатрешна контрола.

За да се остварат поставените цели потребна е континуирана обука на внатрешниот ревизор од сите области кои се предмет на ревизија и обезбедување на материјално технички средства за работа.

Датум: **07.09.2021 година**

| | |
|---|---|
| **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА** | **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ** | **ГРАДОНАЧАЛНИК** |
| Симона Нацева | М-р Митко Јанчев |
| ______________________ | ______________________ |